# Регионални консултации со граѓанскиот сектор за Иницијативата за основање на РЕКОМ.

**Скопје, Македонија**
**3 Јули 2010 год.**

Се работи за првата консултација за Иницијативата за основање на РЕКОМ која е одржана во Македонија. Консултацијата ја организира Фондот за хуманитарно право од Косово. На собирот присуствуваа 56 учесници/чки од подрачјето на поранешна СФРЈ, а најмногу ги имаше од Македонија. Модератор беше Ветон Мујi (Syri i Vizionit, Косово). За консултациите беа известени, меѓу другите и ТВ Канал 5, ЕУРМ, Канал 77. ТВ А1, ТВ Алсат, ТВ Телма и ТВ Алб.

## Предлози, мислења и препораки на учесниците/чките:

**Едно од главните прашања со кои треба да се бави регионалната комисија е сатисфакција за членовите од семејствата на исчезнатите лица. Во рамките на комисијата треба да се формираат пододбори во државите кои го сочинуваат РЕКОМ.**

*Мислам дека едно од главните прашања со кои што треба да се бави регионалната комисија – всушност е сатисфакција за членовите од семејствата на исчезнатите лица. Ние во Македонија уште се соочуваме со синдромот каде што еден број од граѓаните во земјава и понатаму се водат како исчезнати и поради тоа, би рекол дека во рамките на регионалната комисија, доколку не е испланирано, мислам дека е најдобро да се формираат национални пододбори во државите кои ја сочинуваат регионалната комисија.*

(Раим Лимани, Скопје, Здружение на воените ветерани од Националната ослободителна војска, Македонија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год.).

**Доколку иницијативата успее, таа може да инспирира и многу слични жаришта во светот.**

*...од Балканот речиси никогаш не доаѓа ништо модерно. Во оваа прилика, ова не е само морално важно, и не е само фактички, историски и правно една сериозна можност да им се помогне на жртвите и да им се помогне на младите луѓе да знаат нешто, туку тоа е нешто многу модерно, што ако успее би можело да инспирира многу слични жаришта на светот.* (Лазар Стојановиќ, Фонд за хуманитарно право, Белград, Србија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год.).

**Со утврдувањето на фактите се стеснува просторот за лага, манипулација и преувеличување или намалување на бројот на жртвите.**

*Утврдувањето на фактите е битно и за веќе поставените лага да го изгубат својот кредибилитет и општествата во регионот да дојдат до заедничко разбирање за она што се случувало. Со тоа се стеснува просторот за манипулација, за преувеличување или смалување на бројот на жртвите во конкретните случаи на воени злосторства и се создава едно ново разбирање.* (Марко Величковиќ, Центар за развој на цивилните ресурси, Белград, Србија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год.).

**Жртви се и членовите од семејствата учесници во војната, бидејќи се траматизирани.**

*Жртви се оние што активно учествуваат во војната, но и нашите семејства се жртви, категорија на невидливи жртви, бидејќи сите се трауматизирани. Се подразбира дека секој член од семејство на секој учесник во војната е трауматизиран.* (Никола Грков, Здружение на армиски ветерани, Кавадарци, Македонија Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год.).

**Инсистирам во регионов да се формира комисија со цел да го утврди бројот на лица болни од пост-стресни пореметувања кои што извршиле самоубиство, како и број на оние кои што се убиени од страна на лица со пост-стресни пореметувања.**

*Лично пишував за пост-трауматскиот стрес, или познат како виетнамски синдром... Јас инсистирам да се формира комисија со цел да се утврди бројот, точниот број на трауматизирани лица, прецизна цифра на убиени, односно оние кои извршиле самоубиство поради траума и оние кои се убиени во регионот од страна на трауматизирани лица.* (Никола Грков, Здружение на армиски ветерани, Кавадарци, Македонија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год.).

**Македонците имаат своја вистина за 2001 год., а Албанците своја.**

*Македонците имаат своја вистина, Албанците имаат своја вистина, оптоварени со предрасуди и стереотипи, ретко зборуваат на оваа тема. Сите дискусии во врска со тоа што се случи во 2001 год., како да се надминат последиците, каков третман да им се обезбеди на жртвите, сето тоа го оставивме во рацете на политичката волја, односно владите и коалиционите партнери да се согласат за тоа како да донесат одлука, односно закон за бранителите и дали ќе има закон за учесниците на ОВК.* (Фрусина Ременски, Факултет за безбедност, Скопје, Македонија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год.).

**На Македонија ѝ е потребна Иницијативата за РЕКОМ.**

*Нема сомнеж дека Република Македонија има потреба за една таква иницијатива. Иако, бројот на жртви од воените злосторства не е пропорционален со жртвите од случувањата кои ги спомenaвте дека се случиле во другите делови на поранешна Југославија. Мислам дека ни е потребна една таква иницијатива, да се пронајдат одговорите на прашањата, па и на жешките прашања во Македонија, да се помогне во надминување на предрасудите и етничките бариери и да се обезбеди отворање на заедниците едни кон други.* (Фрусина Ременски, Факултет за безбедност, Скопје, Македонија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год.).

**РЕКОМ може да реши голем дел од предметите за кои јавно се прават обиди да се прикријат.**

*Јас на овој процес гледам со голем оптимизам. Имав можност на неколку пати да се состанам со РЕКОМ, кој за мене е многу важен... Регионалниот пристап може многу да ни помогне, доколку има таква иницијатива која што ќе се бави со конфликтот, војната, од типот на Босна, Хрватска, Косово, војни од овие големини. РЕКОМ може да реши голем дел од предметите за кои јавно се прават обиди да се прикријат, во таа смисла може многу да помогне.* (Боро Китаноски, Мировна Акција, Прилеп, Македонија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија 3 Јули 2010 год.)

**РЕКОМ е неопходен, но тој е и начин владите во регионот да ја тргнат одговорноста од себе.**

*...постојат многу причини за формирање комисија која што ќе дејствува на целокупната територија на поранешна Југославија. Од друга страна, се плашам дека оваа комисија ќе ги преземе одговорностите кои што им припаѓаат на државите, односно на државните комисии. Како би можеле да го формираме РЕКОМ, кој ни е неопходен, без владите во регионов, кои што на некој начин ќе ја симнат одговорноста од себе?* (Томас Колс, Мировна Акција, Прилеп, Македонија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија 3 Јули 2010 год.).

**За владите во државите да постапуваат по препораките на РЕКОМ, комисијата мора да биде официјално тело.**

*...ние цело време зборуваме и разговараме дека нашата цел е формирање комисија која ќе има четири карактеристики од кои една ќе биде официјална... на крајот од својата работа, оваа регионална комисија, формира завршен извештај кој ги содржи сите утврдени факти, но кој содржи и препораки упатени кон владите, нејзините основачи... какви чекори треба да се преземат во смисла на репарацијата, спомениците и извештајот станува и веродостоен извор на информации и за образовниот систем... Но*

*за владите да имаат поголеми обврски да послушаат и да постапат по тие препораки, треба да застанат во старт зад таа работа. Значи работата на неофицијалната [комисија]... не би поставила таков вид на одговорност и обврска на властите за тие препораки да ги примат.* (Марко Величковиќ, Центар за развој на цивилните ресурси, Белград, Србија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год.).

**Верувам во можноста за помирување на Македонците и Албанците.**

*Ние веруваме во можноста за помирување помеѓу Македонците и Албанците, и мислам дека со еден ваков активитет можат да се надминат поделбите и да се извлечат заклучоци за тоа што се случило во 2001 год. и врз таа основа идните генерации да извлечат поука.* (Ацо Јованоски, Унија на бранителите на Македонија, Скопје, Македонија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год. ).

**Денес се на власт луѓе кои беа причина за конфликт. Тие ја криjат вистината за злосторствата. РЕКОМ мора да зајакне за да има сила да се бори против нив, а тоа ќе го постигне со учеството на голем број луѓе во Иницијативата за РЕКОМ.**

*...на просторите на поранешна Југославија постојат преку 50% луѓе кои што биле причина за конфликт, а кои што уште се на власт и денес тие сигурно работат на прикривање на вистината за да не се обелоденат злосторствата. Доколку РЕКОМ не зајакне, нема да има механизми или оружје во борбата против тоа. Секако, едно расположливо оружје на РЕКОМ е што поголем број на учени луѓе во знак за поддршка на оваа иницијатива.* (Бесим Хода, Движење на граѓани ЕЦ, Гостивар, Македонија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год. ).

**Европската Унија може да ги притисне властите да ги пронајдат исчезнатите лица.**

*...потребна [ни е] поддршка од Европската Унија, особено да ги притисне властите од сите земји за пронаоѓање на исчезнатите лица.* (Арменд Мазреку, Speak up Movement, Приштина/Косово, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год. ).

**Иницијативата за РЕКОМ е благородна.**

*...сега ми е јасно што сакате да постигнете со оваа иницијатива, да, се согласувам со оваа благородна иницијатива.* (Оливер Бацановиќ, Факултет за безбедност, Скопје, Македонија, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год. ).

**Казненото законодавство мора да се измени за да се усогласи со РЕКОМ.**

*...треба тоа да се гледа во таа смисла дека нужно во периодот на имплементација, но и пред тоа, ќе се променат и ќе мора да се изменат одредени закони кои се однесуваат на кривичната одговорност, значи казненото законодавство... ако се утврди дека некој направил некое кривично дело, очигледно доаѓа до индивидуализација на неговата одговорност, и како, на кој начин тоа да се делегира според правосудните институции, обвинителството, полицијата.* (Милена Савиќ, ЦИПП, Зворник, БиХ, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год. ).

**РЕКОМ мора со своите препораки да делува врз промена на образовниот систем. Јавните сослушувања ќе доведат до колективна емпатија.**

*...комисијата... има многу голема одговорност со својот квалитет и добро обработените препораки, пред сѐ да делува во промената на образовниот систем. Значи, оној официјален образовен систем по кој се работи, по кој ќе се образуваат идните генерации. И мислам дека во секој случај овие јавни сослушувања кои што се предвидени... доведуваат до создавање на колективна емпатија.* (Иван Новосел, Легалис, Загреб, Хрватска, Регионални консултации со граѓанскиот сектор, Скопје, Македонија, 3 Јули 2010 год. ).